Друштво за производство на мелнички, пекарски и други
производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
бр. 02-115/18
30.05. 20 23 год.
Тетово

Врз основа на член 383, 460 и 460-а од Законот за трговски друштва, и член 64 од Статутот на Жито Полог АД Тетово – Пречистен текст, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 30.05.2023, со вкупно 15634 гласови ,,ЗА,, што претставува 100% гласови на сите акционери кои се присатни на собранието а немаат интерес од зделката , без 12937 гласови кои произлегуваат од обичните акции кои ги поседува акционерот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје кој има својство на заинтересирана страна, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За одобрување на зделки со заинтересирана страна**

**Член 1**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, користење на услуги, аванси, кредити, гаранции, земање и давање на краткорочни парични позајмици, шпедиција, дистрибуција ) СЕ ОДОБРУВА Жито Полог АД – Тетово да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични видови на трансакции со ОРКА ХОЛДИНГ АД – Скопје и друштвата во кои ОРКА ХОЛДИНГ АД –Скопје се јавува како сопственик на удел и тоа: ОК СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ – Скопје , ОК МЕДИА ДООЕЛ – Скопје , О.К ИДЕА ДООЕЛ – Скопје , МОНТ ДООЕЛ - Скопје, КАРА ДООЕЛ- Скопје , ОРКА ХОТЕЛ ДООЕЛ – Скопје, ОК ТРАНСПОРТ ДООЕЛ – Скопје, БЕТОН ШТИП ДОО –Штип , КБ АЦИБАДЕМ СИСТИНА- Скопје, АЦИБАДЕМ СИСТИНА МЕДИКАЛ КОМПАНИ ДОО –Скопје, ПЗУ НЕФРОПЛУС-Кавадарци, ПАНОРАМА РЕЗИДЕНС ДООЕЛ- Скопје, О.К ХОТЕЛ ДООЕЛ – Скопје , ОК РЕСТОРАНС & БАРС ДООЕЛ -Скопје, ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ- Скопје, НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ –Скопје, Фондација Илија Камчев – Скопје.

Вредноста на секоја од погоренаведените зделки поединечно или кумулативно за период од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука до денот на одржување на следното годишно собрание нема да надминува 67.000.000 денари која вредност изнесува 9,9 % од од сметководствената вредност на имотот на Жито ПологАД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2022 година.

**Член 2**

СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Одборот на директори , согласно Статутот на Жито Полог АД Тетово, да донесуваат поединечни одлуки за секоја од погоренаведените зделки, а Генералниот Извршен директор да ги преземе сите потребни дејства и да ги потпише договорите со страните наведени во член 1 од оваа одлука , заради реализација на зделките.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По еден примерок од Одлуката да се достави до: правен сектор, сектор за финансии и архива.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Славица Мишеска Стојановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО